## КОИ СЕ ЗАДАЧИТЕ НА КОМЕСАРОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА?

Комесарот за заштита од дискриминација дава поддршка на лица кои биле предмет на дискриминација. Комесарот може:

- разгледува жалби/претставки и изречува санкции против лицата кои дискриминирале;
- ги информира лицата за нивните права;
- им помага на луѓето во спроведувањето на нивните права на еднаквост и заштита од дискриминација;
- публикува извештаи и дава препораки за работи поврзани со дискриминација.

## КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ОБРАТИ ДО КОМЕСАРОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА?

Секое лице кое смета дека било дискриминирано или мисли дека некое друго лице било дискриминирано или сака да постави прашање во врска со дискриминација може да се обрати до Комесарот за заштита од дискриминација.

## КАКО ДА СТАПАМ ВО КОНТАКТ СО КОМЕСАРОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Можете да стапите во контакт со Комесарот за заштита од дискриминација преку телефон, писмо или факс – или може да пополните е-контакт образец кој се наоѓа на веб страната на Комесарот за заштита од дискриминација www.kmd.al. Исто така можете и да закажете средба со вработените при Комесарот за заштита од дискриминација.

АДРЕСА:
Ул. Сами Фрашери бр. 10, 2ри кат,
1019 Тирана
Тел: + 355 4 243 1078
Факс: + 355 4 243 1077
Електронска пошта: info@kmd.al
Веб страна: www.kmd.al

Мапа




Тирана 2011




OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
Presence in Albania

**Законот за заштита од дискриминација** е правосилен од 13 март 2010. Целта на законот е да врши превенција и да ја сопре дискриминацијата. Законот исто така утврдува правни последици во случаи на дискриминација и поставува механизми за проследување на претставки.
Со цел да осигури ефективна заштита од дискриминација, законот воспоставува **Комесар за Заштита од Дискриминација** како независно тело кое се наоѓа во Тирана.

## ПРАВОТО НА ЕДНАКВОСТ И НЕ-ДИСКРИМИНАЦИЈА

Правото на Еднаквост и Не-Дискриминација значи дека ниедно лице не треба да биде дискриминирано врз основа на било која основа како, раса, пол, религија, политичко мислење, инвалидитет, сексуална ориентација или било кој друг основ. Исто така секое лице мора да има можност да ги ужива своите основни човекови права на еднаква основа со останатите и дека индивидуалците мора да бидат заштитени од дискриминација преку ефективни закони о политики.
Правото на еднаквост и не-дискриминација не забранува посебен третман. Само неоправдани различни третмани се сметаат за дискриминаторски и поради тоа се забранети.

Дискриминација се појавува во различни форми. Кога лицето е третирано со помалку погодности или би било третирано со помалку погодности во споредба со друго лице во слична ситуација, преставува **директна дискриминација.** Ова на пример е кога жената заработува помалку од машкиот колегата притоа вршејќи иста работа.

**Индиректна дискриминација** е кога третманот навидум изгледа дека е неутрален но има недостатоци кои влијаат на одредени луѓе. Сепак, ова е забрането само тогаш кога е необјективно оправдано со легитимната цел или кога средствата за постигнување на таа цел се несоодветни или непотребни. На пример, кога една продавница генерално не дозволува влез за кучиња (неутрална пракса) и со тоа исто така скратува влез на слепи лица со кучиња водичи, се засметува за индиректна дискриминација поради тоа што содржи недостатоци кои влијаат на овие луѓе, кои не можат да се оправдаат. Друг пример за индиректна дискриминација е кога работодавецот побарува континуирано работно искуство од секое лице (неутрална пракса). Сепак, овој неутрален критериум би имал неповолен ефект врз жените кои се повеќе склони да земат родителско отсуство.

**Вознемирување** е непосакуван однос кој има ефект или намера да се наруши достоинството на друго лице. Примери: Мажите кажуваат сугестивни примедби во присуство на жена – или маж е исмеван на своето работно место откога неговите колеги/шки дознаваат дека е хомосексуалец.

Дискриминација е исто така **лишување на соодветен комодитет** на лице со посебни потреби, кога тие имаат потреба од прилагодување со цел да ги практикуваат своите права како и останатите лица.

Би било дискриминаторски доколку на пример, новото вработено лице корист инвалидска количка, и го извести работодавецот дека количката не ја собира под работната маса а работодавецот одбива да ја смени истата.

## ВО КОИ ОБЛАСТИ ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРУЖА ЗАШТИТА?

Законот за заштита од дискриминација пружа заштита на лица кои се дискриминирани **под различни основи**, вклучувајќи расна иле етничка, родова, религиозна или убедување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација во **било која област на приватното и јавното живеење.** Така да е фокусиран на заштита од дискриминација во областа на запослувањето, образование и во областа добра и услуги.